**Годишна изложба на студентите од ТТФ – 2018 година**




Годишна изложба на студентите од Технолошко-технички факултет под менторство на **доц. д-р Марија Ќертакова**. Претставување на илустрации претставени под формата на графика и сликарство работени по предметите Колекција и Печатење на текстил. Целта беше да се претстави годишната работа, надополнета со целокупниот креативен потенцијал со кој располагаат студентите и да се даде мотивација за иден напредок и развој како идни дизајнери на мода и текстил. Илустрациите предизвикаа големи овации, восхит и искрена пофалба пред се од професорите, деканите, колегите студенти на Ликовна Академија, а подоцна и од самите посетители на манифестацијата – љубители на естетиката и уметноста во целина. Настанот се одржа на 29 Мај 2018 година во Безистен – Штип, со поздравен говор на Деканката на Ликовна Академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип - УГД, професор Катерина Деспот.







